РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
СКОПЈЕ-SHKUP
Бр. № 13-4556/3
18-04-2023 20___год. viti
СКОПЈЕ - SHKUP

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Byroja e zhvillimit të arsimit
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | 19-04-2023 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. Nj. org. | Број Numri | Прилог Shtojcë | Вредност: Vlera: |
| 08 | 13/61 | / | |


Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија” бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 96/19 и 110/19), како и врз основа на член 38 од Законот за средно образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 229/2020) министерот за образование и наука донесе **испитна програма по Македонски јазик и литература за полагање државна матура во гимназиското, уметничкото и стручното образование**

ИСПИТНА ПРОГРАМА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК И ЛИТЕРАТУРА

ДРЖАВНА МАТУРА

ГИМНАЗИСКО,УМЕТНИЧКО И СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ

Скопје, 2023

## 1. ВОВЕД

Македонски јазик и литература е предмет во средното гимназиско и стручно образование кој се изучува во сите четири наставни години. Основната задача на овој наставен предмет е да ги оспособи учениците за писмена и усна комуникација и правилна употреба на стандардниот јазик. Учениците преку овој предмет се оспособуваат и за аналитичко и критичко читање и коментирање на литературните дела.
Според Концепцијата за матура и за завршен испит, основна цел на матурскиот испит по Македонски јазик и литература е:

- подигање на квалитетот на средното образование;
- следење и контрола на реализацијата на наставните програми по Македонски јазик и литература (засновани на образовни стандарди на државно ниво);
- стекнување на диплома за завршено средно образование (заокружување на образованието со испит);
- селекција за универзитетското образование (вертикална проодност);
- информирање на учениците, родителите и образовните институции за постигањата на учениците добиени преку валидни и веродостојни мерења.

Согласно Концепцијата, предметот Македонски јазик и литература спаѓа во задолжителните предмети и е дел од државната матура.

Испитната програма се темели на наставните програми од сите четири години. Програмски подрачја/модули во наставните програми се **ЈАЗИК** и **ЛИТЕРАТУРА** и постигањата на учениците ќе се проверат преку способностите **читање, книжевна анализа (примена и вреднување со литературно- теоретски поими на познати и непознати дела) и пишување.**

**Намена, основа и содржина на испитната програма**

Испитната програма е документ кој е наменет за учениците од јавното средно образование во Република Северна Македонија. Основната намена на овој документ е да ги информира учениците за содржината и начинот на спроведувањето на матурскиот испит по Македонски јазик и литература.

Испитната програма ги содржи следните компоненти:

- Цел на испитот
- Содржина на испитот
- Спецификација на подрачјата и способностите
- Конкретизација на целите
- Опис на испитот
- Критериуми на оценување

## 2. ОПШТА ЦЕЛ НА ИСПИТОТ

Матурскиот испит по предметот Македонски јазик и литература ќе значи заокружување (завршна оценка) на знаењата и способностите што учениците треба да ги имаат на крајот од четиригодишниот образовен процес.

Главна цел на матурскиот испит по Македонски јазик и литература за средното образование е да ги провери и утврди знаењата на учениците од подрачјата Јазик и Литература. Од подрачјето Јазик ќе се проверат способностите за писмена и усна комуникација и правилната употреба на македонскиот стандарден јазик, додека од подрачјето Литература ќе се проверат способностите за аналитички и критички пристап на литературни дела, како и самостојно пишување на организиран текст од определена област.

За да го положи испитот ученикот треба:

- да ги употребува потребните знаења и способности по предметот Македонски јазик и литература;
- самостојно да конципира и реализира писмено изразување;
- да ги применува правописните и правоговорните правила на стандардниот македонски јазик;
- критички и креативно да интерпретира литературни дела;
- самостојно критички да чита и да анализира познати и непознати текстови.

3. **СОДРЖИНА НА ИСПИТОТ**

## 3.1 ЈАЗИК

Цели:
- примена на јазичните норми на стандардниот јазик во писмена комуникација.

Ученикот:
- да ги применува правописните правила;
- самостојно и правилно да формулира исказ;
- да применува соодветен јазик и вокабулар во различни ситуации.

**СОДРЖИНИ**

| |
|---|
| **1.НАУКА ЗА ЈАЗИКОТ**<br>- Видови писма - Национален - дијалектен - стандарден јазик |
| **2. ИСТОРИСКИ РАЗВИТОК НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК**<br>- Почетоците на словенската писменост - Кирил и Методиј<br>- Македонскиот јазик во семејството на јужнословенските јазици<br>- Погледите за македонскиот јазик на Пејчиновиќ, Синаитски, Крчоски, Пулевски, Џинот - избор текстови;<br>- Погледите на К. П. Мисирков за македонскиот јазик - „За македонцките работи";<br>- Улогата на Б. Конески во кодификацијата на македонскиот литературен (стандарден) јазик. |
| **3. ФОНЕТИКА И ФОНОЛОГИЈА**<br>- Гласовни промени. Едначење по звучност; обезвучување на согласки на крајот од зборот, замена (редување), елизија. |
| **4. АКЦЕНТ**<br>- Акцентот во македонскиот литературен (стандарден) јазик<br>- Акцентски целости. |
| **5. ПРАВОПИС**<br>- Употреба на голема буква<br>- Слеано и разделено пишување на зборовите<br>- Делење на зборот на крајот од редот<br>- Скратеници и скратување на зборовите<br>- Правописни знаци<br>- Интерпункциски знаци(,.; ? !: ( ) - ) |

| |
|---|
| **6. МОРФОЛОГИЈА И МОРФОСИНТАКСА**<br>- Зборовни групи<br>▯ Од морфолошки, лексичко-семантички и синтаксички пристап<br>▯ Функцијата на зборовите во исказ |
| **7.ЛЕКСИКОЛОГИЈА**<br>Основни типови лексички значења на зборовите:<br>- Лексиката според потеклото<br>- Лексиката според процесот на обновата<br>- Лексиката според сферата на употреба |
| **8.СИНТАКСА**<br>- Реченица; (проста; сложена);<br>- Видови сложени реченици; Редот на дел-речениците во сложените реченици |
| **9. ФРАЗЕОЛОГИЈА**<br>- Фразеологизми и класификација на фразеологизмите |
| **10. СТИЛИСТИКА**<br>- Функционални стилови<br>Препознавање и разликување на функционалните стилови: разговорен, уметничколитературен, административен и публицистички |
| **11. ДИЈАЛЕКТОЛОГИЈА** – предмет на изучување/проучување<br>Општи карактеристики на западното, југоисточното и северното македонско наречје |

### 3.2. ЛИТЕРАТУРА

Цели:

- примена на знаењата за белезите и претставниците од различни временски периоди на националната и светската литература;
- самостојно критичко читање со разбирање на книжевните дела;
- критичко и креативно интерпретирање и коментирање литературни дела.

Ученикот:
- аналитичко - творечки и критички да пристапува кон литературното дело;
- да го определи контекстот на литературното дело (простор, време, жанр);
- да препознава и употребува книжевно-теориски поими.
- самостојно да споредува и да вреднува литературни дела од националната и светската литература.

**СОДРЖИНИ**

| | |
|---|---|
| **1. НАУКА ЗА ЛИТЕРАТУРАТА**<br>- Поделба на науката за литературата | |
| **2. ТЕОРИЈА НА ЛИТЕРАТУРАТА**<br>- Фолклор/ мит<br>- Народна литература<br>- Драма (стих: проза)<br>- Епика (стих: проза)<br>- Лирика<br>- Стилски изразни средства<br>- Литературно-научни видови и публицистика | |
| **3. МАКЕДОНСКА ЛИТЕРАТУРА**<br>- Средновековна литература<br>- Климент Охридски<br>- Црноризец Храбар | - „Панонските легенди”<br>- „Похвално слово”<br>- „О писменех” |
| - Јоаким Крчовски<br>- Кирил Пејчиновиќ<br>- Јордан Хаџи Константинов-Џинот | - „Слово заради завист”<br>- „Слово за празниците”<br>- „Труд ми е името” |
| - Димитрија Миладинов<br>- Константин Миладинов<br>- Григор Прличев<br>- Војдан Поп Георгиев Чернодрински | - Собирачка дејност<br>- „ Т’га за југ“<br>- „Сердарот”<br>- „Македонска крвава свадба” |
| | |

| | |
|---|---|
| - Васил Иљоски | - Чорбаџи Теодос“ |
| - Ристо Крле | - „Парите се отепувачка” |
| - Антон Панов | - „Печалбари” |
| - Кочо Рацин | - „Бели мугри” |
| - Стале Попов | - „Крпен живот“ |
| - Ѓорѓи Абаџиев | - „Пустина” |
| - Петре М. Андреевски | - „Пиреј” |
| - Живко Чинго | - „Големата вода” |
| - Блаже Конески | - Избор од поезијата |
| - Ацо Шопов | - Избор од поезијата |
| - Гане Тодороски | - Избор од поезијата |
| - Анте Поповски | - Избор од поезијата |
| - Горан Стефановски | - „Диво месо” |

| | |
|---|---|
| **4. СВЕТСКА ЛИТЕРАТУРА**<br><br>- Хомер<br>- Софокле<br>- Данте Алигиери<br>- Вилијам Шекспир<br>- Молиер | - „Гилгамеш”<br>- „Илијада”<br>- „ Цар Едип“<br>- „Пеколот”<br>- „Хамлет”<br>- „Тартиф” |
| - Џорџ Гордон Бајрон<br>- Александар С. Пушкин | - „Странствувањето на Чајлд Харолд”<br>- „Евгениј Онегин” |
| - Оноре де Балзак<br>- Ф.М. Достоевски | - „Чичко Горио”<br>-„ Злосторство и казна“ |
| - Едгар Алан По<br>- Шарл Бодлер | - „Гарванот”<br>- „Цвеќиња на злото“ |
| - Франц Кафка<br>- Албер Ками<br>- Семјуел Бекет<br>- А. П. Чехов | - ,,Процес“<br>- „Странецот”<br>- „Чекајќи го Годо”<br>- „Човек во футрола” |

## 4. КОНКРЕТИЗАЦИЈА НА ЦЕЛИТЕ, ЗНАЕЊАТА И СПОСОБНОСТИТЕ ПО ПОДРАЧЈА

### 4.1. ПИШУВАЊЕ

| ЦЕЛИ | ТЕМИ - ПОЈАСНУВАЊЕ |
|---|---|
| 1. Ученикот да состави синтаксички правилен текст. | Синтаксички неправилен текст да го стави во правилна форма. |
| 2. Да оформи јазично правилен текст. | Да изврши корекција на јазичните и интерпункциските грешки |
| 3. Да пишува текстови со практична намена | Молба, писмо, пополнување формулар, оглас, соопштение, вест, пријава, биографија |
| 4. Да пишува различни форми на писмено изразување на однапред дадена тема користејќи како извор различни информации. | Екологија, филм, музика, негативното влијание на медиумите, општествено-социјалниот живот на човекот со акцент на сфаќањето на младите на посочените општествено-социјалните услови, настани од секојдневниот живот |
| 5. Да пишува коментар за прочитан текст на стандарден македонски јазик. | Од проза, поезија и драма |
| 6. Да даде свое мислење за определен текст. | Публицистички текст |
| 7. Да трансформира дијалектен текст во стандардна | Да трансформира дијалектен текст |

### 4.2. ЧИТАЊЕ

| ЦЕЛИ | ТЕМИ - ПОЈАСНУВАЊЕ |
|---|---|
| 1. Ученикот да го определи видот на текстот и да го анализира. | Извлекува дадени факти, размислувања, аргументи<br>Дава мислење за прифатливост на некој аргумент |
| 2. Да ги одреди и спореди стиловите во текстови со користење на јазикот. | Одредува и споредува стилови: административен; публицистички; |
| 3. Да го разликува значењето и функцијата на фразеолошкиот од друг вид исказ. | Го разбира фразеолошкиот израз. Пример:<br>Кај нив има од пиле млеко (изобилство).<br>Не сум видел бел ден (имам грижи). |
| 4. Да ги определи ликовите, личностите и главната мисла во текстот. | Ги анимира ликовите и личностите и мислите во даден текст. |
| 5. Да ја определи врската на содржината со функцијата на текстот. | Ги открива и поврзува ликовите, проблемите и мотивите од текстот. |
| 6. Да ја воочи разликата меѓу реалноста и фикцијата во даден текст. | Ги воочува, сфаќа и презентира разликите во текстот. |
| 7. Да ја разбира улогата и значењето на текстот во минатото и денес. | Проценува колку текстот е актуелен денес според настанот, јазикот и стилот. |

## 4.3. КНИЖЕВНА АНАЛИЗА

| ЦЕЛИ | ТЕМИ - ПОЈАСНУВАЊЕ |
|---|---|
| 1. Ученикот да ги применува основните одлики на определен литературен правец во дадено литературно дело. | Пример: одлики на романтизмот: култ кон минатото, љубов кон природата, бегање од стварноста и патување во далечини и непознати земји, светска тага. |
| 2. Да ги анализира основните одлики на литературните правци во даден текст. | Текстови од: хуманизмот и ренесансата, романтизмот, класицизмот, реализмот, експресионизмот, симболизмот, егзистенцијализмот... |
| 3. Да ги определи хронологијата на настаните и типовите нарација во литературно дело. | Фабула, сиже, нарација (линеарно, паралелна и др.); внатрешен монолог; дијалог |
| 4. Да анализира познати и непознати текстови со употреба на поимите од теоријата на литературата. | Стилски изразни средства<br>Литературни родови и видови |
| 5. Да ја определи структурата и композицијата на литературно дело. | Строфа, стих, сонет, чинови, сцени, поглавја и др. |
| 6. Да го определи времето и местото на настанот/настаните во литературни дела.. | Настанот се случува во минатото, иднината, апсолутно време на реални и измислени места |
| 7. Да анализира ликови и да ги одредува нивните функции во литературно дело. | Ликови; Атрибути на ликови |
| 8. Да ги определи темите и мотивите во даден литературен текст. | Теми и мотиви:<br>Љубов, традиција, идентитет, непрепознавање и др. |
| 9. Да разликува книжевно дело од друг вид литература според стилот и јазикот. | Научен стил, административен стил наспроти уметничкиот стил;<br>- архаизми, неологизми... наспроти стручната лексика |

## 5. ОПИС НА ИСПИТОТ

### 5.1. СТРУКТУРА НА ИСПИТОТ

Матурскиот екстерен испит по Македонски јазик и литература има три дела преку кои се оценуваат 3 способности. Издвоените способности процентуално имаат соодветна застапеност во процесот на оценување.

### 5.2. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ИСПИТОТ

**Начин на реализација: писмено**

Времетраењето на целината на испитот е во интервал од 200 до 240 минути во зависност од обемот на содржината на тестот.

### ВИДОВИ ИСПИТНИ ЗАДАЧИ

Матурскиот екстерен испит по предметот Македонски јазик и литература ќе содржи испитни задачи:

-  од отворен вид (есејски вид);
-  со повеќечлен избор;
-  со дополнување;
-  со подвлекување;
-  со поврзување.

## 6. СПЕЦИФИКАЦИЈА НА ПОДРАЧЈАТА (СОДРЖИНИТЕ) И СПОСОБНОСТИТЕ

**СОДРЖИНИТЕ) И СПОСОБНОСТИТЕ**

| **Програмски содржини** | **Способност 1** | **Способност 2** | **Способност 3** | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| | Читање | Пишување | Книжевна анализа (примена и вреднување на литературно-теоретски поими) | |
| ЈАЗИК 50% | 10 % | 25 % | 15 % | **50%** |
| ЛИТЕРАТУРА 50% | 15 % | 10% | 25% | **50%** |
| **Вкупно:** | **25 %** | **35%** | **40%** | **100%** |

## 7. НАЧИН НА ОЦЕНУВАЊЕ

Вкупниот број поени што можат да се освојат на испитот на екстерниот дел е во интервал од 65 до 100 поени.

Точниот одговор на задачите со повеќечлен избор (во кои се бара ученикот да избере еден од одговорите што се понудени) се оценува со 1 поен.

Точниот одговор во задачите со кои се бара директен кус одговор (со еден или неколку зборови), исто така се оценува со 1 поен.

Задачите на кои се бара да се покаже како се решава некоја задача (проблемска ситуација), да се дискутира, образложи или вреднува некое решение или став се оценуваат така што одделно се оценува точното решавање во секоја фаза од одговарањето на барањата на задачата. Зависно од бројот на барањата овие задачи се оценуваат со 2 или 3 поени.
Ваквата распределба на поените е присутен во екстерно изготвени критериуми кои ќе се употребуваат за вреднување на есејски вид задачи.

Оценувањето ќе се врши екстерно и централизирано (на едно место) од страна на независни оценувачи, врз основа на однапред изготвено упатство и усогласени критериуми.

Потребниот број поени за да се положи испитот, како и распонот на поените за секоја од позитивните оценки (од 2 до 5) се утврдува по завршувањето на испитот.

**Способности кои се оценуваат**

Матурскиот екстерен испит по Македонски јазик и литература ќе ја оценува оспособеноста на ученикот во **читање, книжевна анализа и пишување.**

**ЧИТАЊЕ**

Главна цел на способноста **читање** е да ги оспособи учениците аналитички и синтетички да ги читаат зададените текстови или дела; да прават разлика кога читаат: за лични потреби (упатства, писма, биографии); за јавна употреба (правилници, закони); за образовни потреби (учебници, лексикони, енциклопедии, речници и др.).

**Форма на полагање**: *писмено.*
**Начин на реализација**: *екстерен.*

**КНИЖЕВНА АНАЛИЗА**

Главна цел на способноста **книжевна анализа** е да ги оспособи учениците самостојно да организираат интерпретација на дело; да споредуваат дела од различни национални литератури; да извлечат белези на одреден книжевен правец и др.

**Форма на полагање**: *писмено.*
**Начин на реализација**: *екстерен.*

**ПИШУВАЊЕ**

Главна цел на способноста **пишување** е да ги оспособи учениците да можат писмено да се изразат на различни теми, во различни форми на писмено изразување во секое време; да прават концепт; да водат белешки.
**Форма на полагање**: *писмено.*
**Начин на реализација**: *екстерен.*

## Критериуми за оценување на способноста *Пишување*

- **Кандидатот го губи правото да биде оценуван според предвидените критериуми за способноста пишување доколку содржината на текстовите не соодвествува на зададената тема.**
- **Кандидатот го губи правото да биде оценуван според предвидените критериуми за способноста пишување доколку напишаниот текст за практична намена не ја задоволува бараната форма.**
- **Кандидатот го губи правото да биде оценуван според предвидените критериуми за способноста пишување доколку во напишаниот текст има повеќе или помалку зборови од предвидениот број на зборови дадени во Упатството за оценување за конкретната испитна година.**

| **Критериуми за оценување** | **Индикатори за критериумите** | **Задача на оценувачот** |
|---|---|---|
| **1. Јазик - вкупно 4 поени**<br><br>правопис -1<br>интерпункција - 1<br>синтакса – 1<br>лексика – 1 | **1.Правопис-1**<br>- употреба на мала и голема буква;<br>- слеано и разделно пишување на зборовите;<br>- пренесување на зборовите;<br>- правопис на зборови .<br>**2.Интерпункција** -1<br>- правилна употреба на интерпункциски знаци.<br>**3.Синтакса -1**<br>- правилна синтаксичка композиција на реченицата и нејзина функционална употреба.<br>**4. Лексика - 1**<br>- употреба на лексика која е соодветна на видот на текстот и на темата. | **Оценувачот треба внимателно:**<br>- да ги открие и класифицира грешките во текстот според даденото појаснување; да ја одреди тежината и повторливоста на грешките (повторливост - постојано се повторуваат исти грешки, на пр: идеа наместо идеја); повторената грешка се брои еднаш.<br><br>- да ја процени правилната синтаксичка композиција на реченицата (правилен реченичен зборород; употреба на соодветни сврзници; правилен реченичен ред на дел -реченица во сложени реченици).<br><br>- соодветна лексика означува: употреба на различни зборови, фрази, интернационализми и нивна соодветна употреба. |

| | | |
|---|---|---|
| **2. Композиција на текст - вкупно 3 поени** | **Во текстот јасно се издвојуваат:**<br>**1**. сите делови од композицијата – ( вовед, главен дел и заклучок) - **1 поен**<br>**2.** параграфско средување со сврзувачки реченици - **1 поен**<br>**3.** почитување на границата на предвидениот број на зборови - **1 поен** | **Оценувачот треба внимателно:**<br>**-** да ја утврди присутноста на трите дела на композицијата;<br>- да ја оцени поврзаноста и следственоста на деловите; да го оцени параграфското средување на текстот со процена за присуството на сврзувачките реченици;<br>- да утврди дали е употребен дозволениот број зборови. |
| **3. Креативност во содржина - вкупно 6 поени**<br><br>- разбирање на темата<br><br>- развој на темата<br><br>- креативно фокусирање и поврзување на деловите и содржината<br><br>- оригинални и креативни елементи во книжевни и некнижевни стилови<br><br>- почитување на поставените барања | **Во текстот се чита:**<br><br>- разбирање на темата со користење на соодветни примери како докази во развој на темата. - **2 поени**<br><br>- развој на темата со идеи и аргументи кои се основни за значењето на темата - **1 поен**<br><br>- креативно поврзани критички мисли со употреба на точни факти поврзани со темата - **1 поен**<br><br>- соодветна употреба на книжевни и некнижевни стилови во контекст на темата во која има оригиналност и креативност - **1 поен**<br><br>- создавање на текст кој соодвествува на поставените конкретни барања дадени во упатството - **1 поен** | **Оценувачот треба внимателно:**<br><br>- да го оцени разбирањето на темата и нејзиниот развој во текстот.<br><br>- да ја оцени соодветноста на содржината во деловите од композицијата.<br><br>- да ги оцени презентираните факти, идеи, прашањата и одговорите во дадениот текст.<br><br>- да ја оцени креативноста во текстот.<br><br>- да го оцени почитувањето на поставените барања за темата за која се пишува. |

Испитната програма по **Македонски јазик  и литература за полагање државна матура** во гимназиското, уметничкото и стручното образование ја донесе,

Министер

---

Doc. Dr Jeton Shaqiri